ПП бр: 13 - 49 / ________

________

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски и Никола Трајчевски – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок ПП бр.13-49/9 од 07.03.2024 година против Друштво за производство трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул. Македонско Косовска Бригада 11 бр.1/1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, на седница одржана на ден 09.06.2025 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1) Се утврдува дека Друштво за производство трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул. Македонско Косовска Бригада 11 бр.1/1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија и ЕМБС: 7092202, сторило прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот, за што му се изрекува глоба во износ од 9.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

2) Се утврдува дека согласно 26 став (2) од Законот, на одговорните лица (Управители) во правното лице Друштво за производство трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул. Македонско Косовска Бригада 11 бр.1/1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Арбнор Гаши со живеалиште на адреса Ул. ХАМДИ ЃРАЈЌЕВЦИ бр. 5.7, Косово Поле, Република Косово (Управител) и Џевдет Реџепи со живеалиште на адреса Ул. Садик Зенели бр.3-1/3, Приштина, Република Косово (Управител), им се изрекува поединечна глоба, секоја во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

3) Глобата од точка 2) и точка 3) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

**Образложение**

Согласно член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи (во понатамошниот текст: „Законот”), откако Комисијата за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: „КОП”) во целост ќе ја утврди фактичката состојба од значење за правилно одлучување, донесува решение со кое утврдува дека лицето против кое е поведена постапката сторило прекршок предвиден со одредбите од овој закон и изрекува соодветна прекршочна санкција.

**На ден 28.02.2025 година**, поради постоење на сознанија дека поседуваат предмети, исправи или друга документација или имаат сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок, КОП донесе Заклучок за прибирање на податоци на лице место заведен под ПП бр.13-49/1 од 28.02.2025 година за правните лица: Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје, со седиште на Македонско Косовска Бригада 11/1/1, Скопје, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „Кит-Го”) и Друштво за производство трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје со седиште на Македонско Косовска Бригада 11/1/1, Скопје, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „Вива Фреш”).

**На 28.02.2025 година**, согласно донесениот Заклучок за прибирање на податоци на лице место ПП бр.13-49/1 од 28.02.2025 година, а со цел КОП да прибави докази кои можат да бидат од значење за да се докаже постоење на прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата и/или член 26 од Законот, овластените лица од Комисијата извршија увид и прибавија докази на лице место во друштвата Кит-Го и Вива Фреш.

За време на увидот во друштвото Вива Фреш, беше утврдено дека седиштето на Вива Фреш се наоѓа во исти деловни простории со седиштето на Кит-Го, а воедно и двете друштва имаат и исто овластено лице/Управител. Од разговорите со присутните преставници: Деа Максути - раководител на финасии и сметководство во Кит-Го; Славица Блажева - комерцијален директор во Вива Фреш и Дијана Трчовски-правник во Вива Фреш, беше утврдено дека овие лица извршуваат работни обврски и должности и за двете друштва.

За време на прибирањето на податоци на лице место, за извршените разговори и побараните податоци од Вива Фреш, овластените лица од Комисијата водеа Записник ПП бр.13-49/4 од 28.02.2025 година, а за прибавената документација беше составена Потврда за одземена документација ПП бр.13-49/3 од 28.02.2025 година.

Од страна на овластените лица од Комисијата, беа побарани копии од договорите склучени помеѓу Вива Фреш и нивните продавачи/добавувачи на земјоделски и прехрамбени производи: ДПТУ Гранд Експорт ДООЕЛ; Даути Комерц увоз-извоз; Рудине ММ доо; Мако Маркет; Екстра Фунги; Фриком Београд ДООЕЛ; ДПТУ Кола ДООЕЛ Скопје; ДПТУ Колид Фудс ДООЕЛ; Алма-М ДООЕЛ; БИМИЛК и Цермат. За истите продавачи/добавувачи на Кит-Го беа побарани и Картички за водење на сметководствена евиденција за периодот 01.10.2024-31.12.2024 година.

За време на прибирањето на податоците на лице место, на прашање на службените лица на Комисијата за тоа дали се почитуваат роковите за плаќање дефинирани во Законот и дали за истите имаат систем со кој се следи валутата на плаќање, Деа Максути одговори дека ја следат валутата на фактурата која е во согласност со законски предвидените рокови (до 30 или до 60 дена).

На лице место, од страна на присутните преставници на Вива Фреш беа предадени побараните договори помеѓу Вива Фреш и наведените продавачи/добавувачи, а поради обемноста на останатата побарана документација - Картички за водење на сметководствена евиденција за периодот 01.10.2024-31.12.2024 година, беше договорено истите да се достават во електронска форма по електронски пат (е-маил).

**На 28.02.2025 година** во 13:49 часот, по електронски пат (е-маил) со допис заверен под ПП бр. 13-49/6 од 28.02.2025 година, од страна на Вива Фреш беа испратени побараните картички за водење на сметководствена евиденција за сите претходно наведени продавачи/добавувачи на земјоделски и прехрамбени производи.

Од увидот во доставените картички по електронски пат (е-маил) за наведените добавувачи за периодот 01.10.2024-31.12.2024 година, видно е дека Вива Фреш не врши исплата на обврските кон добавувачите согласно превидените рокови за плаќање дефинирани во член 7 став 6 од Законот и роковите определени во прибавените договори, што претставува прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот.

**На 07.03.2025 година,** согласно наодите од првичната анализа на доставените картички за водење на сметководствена евиденција за добавувачите на Вива Фреш, на седница на КОП беше донесен Заклучок за поведување на прекршочна постапка против Вива Фреш, заведен под ПП бр. 13-49/9 од 07.03.2025 година, заради тоа што друштвото сторило евентуален прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот. Заклучокот за поведување на прекршочна постапка е испратен до Вива Фреш со допис ПП бр. 13-49/10 од 10.03.2025 година. Со Заклучокот, КОП го задолжи Вива Фреш, да достави оригинал или заверена копија од тековна состојба на субјектот.

**На 18.03.2025 година**, како одговор на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка заведен под ПП бр. 13-49/9 од 07.03.2025 година, Вива Фреш достави тековна состојба на друштвото до КОП по електронски пат (е-маил), заведено под ПП бр. 13-49/11 од 19.03.2025 година.

**На 11.04.2025 година**, со цел КОП да прибави докази кои можат да бидат од значење за да се докаже постоење на прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот, на седница на КОП беше донесен Заклучок за барање на податоци ПП бр.13-49/13 од 11.04.2025 година и истиот со допис ПП бр. 13-49/14 од 11.04.2025 година беше испратен до Вива Фреш. Со заклучокот за барање на податоци, беше побарана копија од фактури за снабдување со производи издадени кон Вива Фреш како и копија од доказ за извршено плаќање на наведените фактури со јасно наведување на датумот на плаќање на секоја од наведените фактури.

**На 17.04.2025 година**, до КОП беше испратен одговор на Заклучок за барање на податоци ПП бр.13-49/13 од 11.04.2025 година кој е заведен под бр.13-49/18 од 17.04.2025 година.

**На 30.04.2025 година,** со допис ПП бр. 13-49/22 од 30.04.2025 година**,** КОП испрати до Вива Фреш - Известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 13-49/21 од 30.04.2025 година.

**На 23.05.2025 година,** Вива Фреш испрати допис до КОП– Писмено произнесување ПП бр. 13-49/23 од 23.05.2025 година.
Во Писменото произнесување, Вива Фреш кажува дека не се точни наводите на Комисијата и дека во периодот 01.10-31.12.2024 година, добавувачот Млекара АД Битола има константно износ кој го должи на Вива Фреш. Исто така, Вива Фреш тврди дека согласно одредбите од Договор, од Законот како и согласно волјата на Млекара АД Битола, долгот на Млекара АД Битола би бил затворен преку компензација на меѓусебните побарувања. Вива Фреш тврди дека побарувањата кои ги има од Млекара АД Битола се значително постари отколку долгот кој Вива Фреш го има кон добавувачот Млекара АД Битола и согласно ЗОО треба да се намират по редот како што настанале. Дополнително,, Вива Фреш појаснува дека задоцнувањето на затворањето на 8-те предметни фактури е дојдено по предлог/Барање на договорните страни а се со цел да му се овозможи на Продавачот/Добавувачот алтернативна можност за затворање на нивните обврски спрема Вива Фреш. Во однос на предметниот прекршок, Вива Фреш истакнува дека ги прекинал во целост сите дејствија кои го предизвикале прекршокот, односно дека истиот продолжил да ги исполнува навремено сите обврски спрема сите добавувачи, а особено спрема Млекара АД Битола.

**По анализа на прибавената документација на лице место и по електронски пат, доставените одговори, податоци и документи како и врз основа на се погоре споменато, КОП го утврди следното:**

По анализа на прибавените податоци во дотогашниот тек на постапката како и детална анализа на сметководствената евиденција за периодот 01.10.2024-31.12.2024 година за еден од продавачите/добавувачите на Вива Фреш, Индустрија за млеко млечни производи и сокови МЛЕКАРА Акционерско друштво Битола, со седиште на ул.Ѓурчин Наумов-Пљакот бр.1, Битола, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „БИМИЛК"), КОП утврди дека фактурите издадени од страна на ова друштво кон Вива Фреш, не се исплатени од страна на Вива Фреш согласно роковите утврдени во Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи и предвидените рокови во Договорот. По однос на плаќањето на фактурите, КОП утврди дека:

- Фактура со број 96110 од 15.10.2024 година, на износ од 15.047,00 денари и датум на доспевање на 14.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзино доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година;
- Фактура со број 97275 од 18.10.2024 година, на износ од 155.166,00 денари и датум на доспевање на 17.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година;
- Фактура со број 98461 од 22.10.2024 година, на износ од 25.657,00 денари и датум на доспевање на 21.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година;

- Фактура со број 98784 од 22.10.2024 година, на износ од 131.970,00 денари и датум на доспевање на 21.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година;
- Фактура со број 102010 од 01.11.2024 година, на износ од 3.690,00 денари и датум на доспевање на 01.12.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 16.01.2025 година;
- Фактура со број 102257 од 01.11.2024 година, на износ од 52.319,00 денари и датум на доспевање на 01.12.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 16.01.2025 година;
- Фактура со број 103135 од 05.11.2024 година, на износ од 11.135,00 денари и датум на доспевање на 05.12.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 16.01.2025 година;
- Фактура со број 103430 од 05.11.2024 година, на износ од 34.755,00 денари и датум на доспевање на 05.12.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку е исплатена на 16.01.2025 година;

Согласно Член 2 од Прилогот 4 кој е дел од прибавениот Договор за продажба заверен кај Вива Фреш под бр.1466/24 од 01.10.2024 година, а склучен помеѓу Вива Фреш и БИМИЛК, Продавачот – БИМИЛК му одобрува на Купувачот – Вива Фреш одложено плаќање на секоја поединечна испорака во рок од 30 (триесет) денови од денот на испораката на производите.

Согласно погоре наведеното, КОП утврди дека Вива Фреш не постапува согласно предвидените законски обврски во Законот, а ваквото однесување на Вива Фреш преставува прекршок согласно член 26 став (1) точка 2) од Законот, а во врска со член 7 став (6), став (7), став (8) и став (9) од Законот.

**Согласно член 7 став (6) од Законот**, доколку договорот за снабдување од ставот (1) на овој член предвидува редовна испорака на:
- лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 30 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 30 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен и 4 од 19 Службен весник на РСМ, бр. 66 од 20.3.2024 година;
- други земјоделски и прехранбени производи кои не се сметаат за расипливи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 60 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 60 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен.

**Согласно член 7 став (7) од Законот**, за потребите на утврдување на роковите за плаќање од ставот (6 ) на овој член, договорениот рок на испорака во ниту еден случај не смее да го надмине периодот од еден месец.

**Согласно член 7 став (8) од Законот**, доколку договорот не предвидува редовна испорака, условите и роковите за плаќање на испорачаните расипливи земјоделски и прехранбени производи од став (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од рокот утврден во ставот (6) алинеја 1 на овој член.

**Согласно член 7 став (9) од Законот**, доколку договорот не предвидува редовна испорака, условите и роковите за плаќање на други земјоделски и прехранбени производи од став (2) точка 4) на овој член, кои не се сметаат за расипливи производи, не можат да бидат подоцна од рокот од ставот (6) алинеја 2 на овој член.

**Согласно 26 став (1) точка 2) од Законот**, КОП на правното лице кое во својство на купувач кон неговите добавувачи употребува значителна преговарачка моќ со наметнување нефер трговски практики, со решение ќе му изрече глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ако не ги почитуваат условите и роковите на плаќање, согласно со членот 7 ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11) од овој Закон.

**Согласно 26 став (2) од Законот**, КОП на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член, ќе му изрече глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец.

**Согласно член 28 став (1) од Законот**, во одмерувањето на износот на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.

**Согласно 28 став (2) од Законот**, КОП при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

**Согласно 28 став (3) точка 2) од Законот**, КОП при одмерување на глобата го зема во предвид фактот дека сторителот на прекршокот ефективно соработуваше со КОП.

**КОП утврди дека согласно 26 став (1) точка 2) од Законот**, на правното лице Друштво за производство трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул. Македонско Косовска Бригада 11 бр.1/1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија ќе му изрече **глоба во износ од 9.000,00 евра во денарска противвредност** по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

**Исто така, КОП утврди дека согласно 26 став (2) од Законот,** на одговорните лица (Управители) во правното лице Друштво за производство трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул. Македонско Косовска Бригада 11 бр.1/1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Арбнор Гаши со живеалиште на адреса Ул. ХАМДИ ЃРАЈЌЕВЦИ бр. 5.7, Косово Поле, Република Косово и Џевдет Реџепи со живеалиште на адреса Ул. Садик Зенели бр.3-1/3, Приштина, Република Косово, ќе им изрече **поединечна глоба, секоја во износ од 350,00 евра во денарска противвредност** по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**